Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајна инфраструктура**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајна инфраструктура, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 28.06.2013 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-3258/35**
**05.07.2013 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ”бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на општина Кавадарци”бр.8/05), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправо изградени објекти (“Сл.весник на РМ”бр. 23/11,54/11 и 155/12), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 28.06.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајна инфраструктура**

**Член 1**

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајната инфраструктура, на тој начин што со идната урбанистичко планска документација ке се изврши usогласување со состојбата која е утврдена на лице место, за следните барања:

1. ***Барање 14-1248 Светлана Здравеска*** ул.”Моша Пијаде” бр.10-1/5 Кавадарци
   - деловен објект кој се наоѓа на КП бр.1666 КО Глишиќ
   (објектот е сместен на предвидена улуца по важечкиот ДУП)

2. ***Барање 14-2842 Анѓел Трајков*** ул.”Страшо Пинџур” бр.95 Кавадарци
   - помошен објект кој се наоѓа на ул.”Страшо Пинџур” бр.95 ” на КП бр.4075 КО Ваташа
   (објектот е сместен на предвидена улица по важечкиот ДУП)

3. ***Барање 14-1627 Стојан Атанасов*** ул.”25ти Мај” бр.43 Кавадарци
   - станбен објект кој се наоѓа на ул.” 25ти Мај” на КП бр.1862/1 КО Глишиќ
   (објектот е сместен до предвидена улица по важечкиот ДУП-надвор од градежна линија)

4. ***Барање 14-1875 Зоранчо Атанасов*** ул.”11та Бригада” бр.12 Кавадарци
   - станбен објект кој се наоѓа на ул.” 11та Бригада” бр.12 ” на КП бр.16330 КО Кавадарци 2
   (објектот е сместен на предвидена улица по важечкиот ДУП)

5. ***Барање 14-6279 Јана Палитова*** ул.”Натанаил Кучевишки” бр.545 Бутел, Скопје

- помошен објект кој се наоѓа на ул.”Галишка” бб.на КП бр.11397 КО Кавадарци 2
(објектот е сместен на дел од предвидена улица по важечкиот ДУП-надвор од градежната линија)

6. ***Барање 14-5575 Александар Танев*** ул.”Блажо Ицев” бр.4 Ваташа
- помошен објект кој се наоѓа на ул.”Блажо Ицев” бр.4 на КП бр.4137 КО Ваташа
(објектот е сместен на предвидена улица по важечкиот ДУП)
7. ***Барање 14-5927 Богдан Богданов*** ул.”Ресавска” бр.95 Кавадарци
- помошен објект кој се наоѓа на ул.”Галишка” на КП бр.14315 КО Кавадарци 2
(објектот е сместен на предвидена улица по важечкиот ДУП)
8. ***Барање 14-3814 Мелов Илија*** ул.”Цано Поп Ристов” бр.43 Кавадарци
- деловен објект кој се наоѓа на ул.”Цано Поп Ристов” бр.43 на КП бр.11984 КО Кавадарци 2
(објектот е сместен на тротоарот од предвидена улица по важечкиот ДУП)

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.07 – 3002/35**
**28.06.2013 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Заклучоците по барањето од Фени Индустри Кавадарци за зголемување на учеството на иситнета гума како алтернативно гориво**

1. СЕ ОБЈАВУВААТ Заклучоците по барањето од Фени Индустри Кавадарци за зголемување на учеството на иситнета гума како алтернативно гориво, донесени на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 28.06.2013 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-3258/36**
**05.07.2013 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05), расправајки по барањето од Фени Индустри Кавадарци за зголемување на учеството на иситнета гума како алтернативно гориво, доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање, Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 28.06.2013 година, ги донесе следните

**З А К Л У Ч О Ц И**

1. Советот на Општина Кавадарци негативно се изјаснува и бара органот на државната управа надлежен за работата од областа на животната средина да не издаде Дозвола на Фени Индустри за зголемување на учеството на иситнета гума како алтернативно гориво од 15 % на 25 % од вкупниот искористен лигнит во ротациона печка.

2. Советот на Општина Кавадарци иницира постапка пред надлежното Министерство за животна средина и просторно планирање за ревидирање на А - Интегрираната еколошка Дозвола издадена на Фени Индустри со цел да го усогласи своето работење според европските стандарди.

3. Заклучоците да се достават до надлежното Министерство за животна средина и просторно планирање и да се побара повратна писмена информација по истите во рок од 30 дена.

4. Заклучоците влегуваат во сила со денот на донесувањето, а ке се објават во “Службен гласник” на Општина Кавадарци.

Бр. 07-3002/36 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
28.06.2013 година Претседател,
К а в а д а р ц и м-р Горица Пеливанова Вилхелм

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2013 година со заклучок**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2013 година со заклучок , донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 28.06.2013 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3258/37** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**05.07.2013 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** — **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 28.06.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци доделува финансиски средства во вкупен износ од 500.000,00 денари за подршка на активностите на Здружение "Тиквешија Полски Чувари" Кавадарци.

**Член 2**

Финансиските средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2013 година, на следната,

жиро сметка – 300040000119441 .

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

Бр. 07-3002/37 — СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
28.06.2013 година — Претседател,
К а в а д а р ц и — м-р Горица Пеливанова Вилхелм

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05), расправајќи по Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци(Здружение Полски чувари), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 28.06.2013 година, ги донесе следните

**З А К Л У Ч О Ц И**

1. Советот на Општина Кавадарци препорачува квартална исплата на финансиските средства кои се одобруваат од Буџетот на Општина Кавадарци на Здружението Полски чувари .

2. Советот на Општина Кавадарци предлага пред секое барање за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за работа на Здружението Полски чувари, здружението да доставува финансиски Извештај за работењето .

2. Заклучоците влегуваат во сила со денот на донесувањето, а ке се објават во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр. 07-3002/37** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.06.2013 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **м-р Горица Пеливанова Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 2 и член 51 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 118 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за запирање на објавувањето на Одлуката за утврдување на исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежнотоземјиште на КП 12032/2 КО Кавадарци со Заклучок**

**Член 1**

СЕ ЗАПИРА објавувањето во Службен Гласник на Општина Кавадарци на Одлуката бр.07-3002/38 од 28.06.2013 година, за утврдување на исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежното земјиште на КП 12032/2 КО Кавадарци со Заклучок, донесени од Советот на Општина Кавадарци.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во "Службен Гласник на Општина Кавадарци".

О б р а з л о ж е н и е

Во вршењето на законската функција на контрола на законитоста на прописите на Советот пред нивното објавување, согласно член 50 став 1 точка 2 и член 51 став 1 од Законот за локална самоуправа, Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе Решение за запирање на Одлуката бр.07-3002/38 од 28.06.2013 година, за утврдување на исполнети услови за донесување на урбанистичко планска

документација за усогласување на намената на градежното земјиште на КП 12032/2 КО Кавадарци со Заклучок, донесени од Советот на Општина Кавадарци, поради тоа што:

Во постапката за издавање на урбанистичка согласност за бесправен објект на барател Трајче Клинчаров од Кавадарци за објект Г-3 работилница изграден на КП .бр.12032/2 КО Кавадарци, намената на дејноста на објектот не е во согласност со намената на земјиштето утврдена со важечката урбанистичко-планска документација, поради што надлежниот орган на општината донесе Заклучок за прекин на постапката и од страна на Градоначалникот до Советот на Општината е предложена Одлука за утврдување на неисполнети услови за донесување на урбанистичка планска документација за усогласување на намената на градежното земјиште на КП 12032/2 КО Кавадарци.

Бесправниот објект е изграден во густо населена станбена единица. Во непосредна близина на бесправниот објект функционираат Основно училиште и училиште за деца со посебни потреби.

Примерок од образложеното Решение за запирање на објавувањето ке биде доставено до Претседателот на Советот на Општината.

Согласно законските одредби, Советот е должен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Решението за запирање, да го разгледа Решението ид а одлучи по него да донесе Одлука предложена од овластен предлагач или да го потврди од Советот донесениот пропис.

Доколку Советот го потврди прописот или не расправа во законскиот рок, Градоначалникот ке го објави прописот и истовремено ке поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис пред Уставниот суд на Република Македонија.

За Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис, Градоначалникот ке го информира Министерството за локална самоуправа.

| | |
|---|---|
| **Бр.08-3258/38** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **05.07.2013 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** |
| **К а в а д а р ц и** | **Дипл.прав.Александар Панов** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 2 и член 51 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 118 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за запирање на објавувањето на Одлуката за утврдување на исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежното земјиште на КП 3888/4 КО Ваташа

### Член 1

СЕ ЗАПИРА објавувањето во Службен Гласник на Општина Кавадарци на Одлуката бр.07-3002/39 од 28.06.2013 година, за утврдување на исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената

на градежното земјиште на КП 3888/4 КО Ваташа, донесена од Советот на Општина Кавадарци.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во "Службен Гласник на Општина Кавадарци".

О б р а з л о ж е н и е

Во вршењето на законската функција на контрола на законитоста на прописите на Советот пред нивното објавување, согласно член 50 став 1 точка 2 и член 51 став 1 од Законот за локална самоуправа, Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе Решение за запирање на Одлуката бр.07-3002/39 од 28.06.2013 година, за утврдување на исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежното земјиште на КП 3888/4 КО Ваташа, донесена од Советот на Општина Кавадарци, поради тоа што:

Во постапката за издавање на урбанистичка согласност за бесправен објект на барател Жанина Милошева од Кавадарци за објект деловен простор со намена Г-3 сервиси изграден на КП.бр.3888/4 КО Ваташа, намената на дејноста на објектот – деловен простор со намена сервиси не е во согласност со намената на земјиштетото утврдена со важечката урбанистичко-планска документација – спорт и рекреација, поради што надлежниот орган на општината донесе Заклучок за прекин на постапката и од страна на Градоначалникот до Советот на Општината е предложена Одлука за утврдување на неисполнети услови за донесување на урбанистичка планска документација за усогласување на намената на градежното земјиште на КП 3888/4 КО Ваташа.

Бесправниот објект е изграден во населена станбена единица.

Примерок од образложеното Решение за запирање на објавувањето ке биде доставено до Претседателот на Советот на Општината.

Согласно законските одредби, Советот е должен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Решението за запирање, да го разгледа Решението ид а одлучи по него да донесе Одлука предложена од овластен предлагач или да го потврди од Советот донесениот пропис.

Доколку Советот го потврди прописот или не расправа во законскиот рок, Градоначалникот ке го објави прописот и истовремено ке поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис пред Уставниот суд на Република Македонија.

За Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис, Градоначалникот ке го информира Министерството за локална самоуправа.

**Бр.08-3258/39**
**05.07.2013 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 2 и член 51 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 118 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за запирање на објавувањето на Одлуката за утврдување на исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежното земјиште на КП 16513/1 КО Кавадарци**

**Член 1**

СЕ ЗАПИРА објавувањето во Службен Гласник на Општина Кавадарци на Одлуката бр.07-3002/40 од 28.06.2013 година, за утврдување на исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежното земјиште на КП 16513/1 КО Кавадарци, донесена од Советот на Општина Кавадарци.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во “Службен Гласник на Општина Кавадарци”.

О б р а з л о ж е н и е

Во вршењето на законската функција на контрола на законитоста на прописите на Советот пред нивното објавување, согласно член 50 став 1 точка 2 и член 51 став 1 од Законот за локална самоуправа, Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе Решение за запирање на Одлуката бр.07-3002/40 од 28.06.2013 година, за утврдување на исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежното земјиште на КП 16513/1 КО Кавадарци , донесени од Советот на Општина Кавадарци, поради тоа што:

Со Решение бр. 14-137 од 19.03.2012 година барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект деловен простор на барателот Киро Костадинов му е одбиено поради тоа што не се исполнети условите за издавање на урбанистичка согласност бидејќи објектот за кој се бара утврдување на правен статус е времен објект.

Против ова Решението барателот поднесе жалба, која со Решение бр. 44-142/2012 од 01.08.2012 година на Министерството за транспорт и врски – Скопје со кое се уважува жалбата на лицето Киро Костадинов и се поништува Решението бр. 14-137 од 19.03.2012 година на Општина Кавадарци за утврдување на правен статус на бесправно изграден деловен објект и предметот се враќа на повторно одлучување на првостепениот орган.

Постапувајќи по насоките дадени во Решението на Министерството за транспорт и врски, Општина Кавадарци донесе Решение бр. 14-137 од 10.09.2012 година со кое се одбива барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект деловен простор кој се наоѓа на ул.ЈНА во Кавадарци на КП бр. 16513/1 за КО Кавадарци, поради тоа што не се исполнети условите за издавање на

урбанистичка согласност бидејќи објектот за кој се бара утврдување на правен статус е времен објект.

Нездоволен од ваквото Решение Барателот Киро Костадинов на ден 03.10.2012 година до Општина Кавадарци поднесе жалба против истото.

Наводите во жалбата од страна на жалителот се неосновани , од причина што во првостепената постапка правилно е применет материјалниот пропис и Решението е донесено согласно член 11 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, односно во овој случај првостепениот орган утврдил дека условите за вклопување на горенаведениот бесправен објект во урбанистичко планската документација не се исполнети за што и донел решение со кое се одбива барањето.

Исто така, неосновани се наводите во жалбата дека првостепениот орган не постапил и ги игнорирал напатствијата на второстепениот и донел решение спротивно на истите.

Со решението бр. 44-142/2012 од 01.08.2012 година на Министерството се дадени насоки да во повторна постапка е потребно да се утврди фактичката состојба во насока дали изградениот објект е времен објект кој е изграден врз основа на издадена локација за користење на јавно прометна површина за поставување на киосци или пак се работи за друг бесправно изграден објект на истата површина од страна на барателот.

Постапувајќи по насоките дадени во решението од страна на службите во Општина Кавадарци е извршен увид во целокупната расположлива документација во врска со предметот на горенаведеното лице и на записник бр.14-137 од 06.09.2012 година е констатирано е следното:

Согласно расположливите документи со кои располага Општина Кавадарци предметниот објект отсекогаш бил времен објект.

Лицето Киро Костадинов во 1999 година поднел барање за поставување на објект од сезонски карактер – шанк за продажба на сладолед и освежителни пијалоци на Градски плоштад.

Од страна на Општина Кавадарци е дадена согласност бр.23-357/1 од 01.06.1999 година за поставување на горенаведениот објект, како и известување да фирмата КИКОБ може да го отстрани излогот на поранешно "Борово" со цел да може да го постави објектот од сезонски карактер шанк за продажба на сладолед и освежителни пијалоци на Градски плоштад.

Со Решение бр. 14-366/5 од 01.07.1999 година на Министерството за урбанизам и градежништво ПЕ Кавадарци на ПТП КИКОБ му се дава на привремено користење неизградено градежно земјиште со кое управува РМ на плоштад Маршал Тито со површина од 7м2 за поставување на сезонски објект шанк за продажба на сладолед и освежителни пијалаци и 10 м2 за маси и столици односно вкупно 17 м2 пред деловните просотрии за време од 3 месеци, со обврска по истекот на рокот да го отстрани сезонскиот објект –шанкот и масите и столиците.

Поради непочитување на рокот за отстранување на 08.10.1999 година е донесено решение бр.14-366/6 со кое му се наложува во рок од 15 дена да го отстрани сезонскиот објект, а на 10.11.1999 година е донесен и Заклучок бр. 14-366/7 за дозвола за извршување .Против заклучокот жалителот поднел жалба поради тоа што истиот имал вложено големи средства за поставување на времениот сезонски објект и како таков е оспособен за користење за подолг временски период.

Со решение Убр36-285/2 од 23.05.2000 година на Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на имотно-правните работи и доделување на градежно земјиште е Одбиена како несонована и е потврден заклучокот.

Во 2002 година од страна на комуналниот инспектор при општина Кавадарци на Записник бр. 2302/187 од 01.04.2002 година е констатирано дека на јавно

прометна површина -локацијата пред седумкатницата лицето Костадинов Киро има заградено простор за кафана во површина од 66 м2 без да има одобрение за користење на просторот од Органот за комунални дејности при општина Кавадарци согласно тогашната Одлука за плаќање на комунална такса за користење на тротоари и други јавно прометни површини бр. 07-29/10 Сл. Гласник на Општина Кавадарци бр.12/01 од 04.12.2001 година.Со Записникот е задолжен да обезбеди одобрение за користење на просторот од 66 м2 , во спротивно поставениот објект да биде отстранет.

Поради неисполнување на договорна обврска односно поради долг по основ комунален надоместок за користење на тротоари и јавно прометна површина Општина Кавадарци го утужила правното лице ПТП КИКОБ за наплата на долг во износ од 59.400,оо денари.

Видно од Пресуда на Основен суд Кавадарци Малв.ПС.бр.74/03 од 09.10.2003 година лицето Киро Костадинов со Општина Кавадарци склучил Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски за користење на јавно прометна површина од 66 м2 за време од 1 година со можност за продолжување на рокот. Ова значи дека ова лице врз основа на овој договор поставил објект –настрешница за вршење на угоситела дејност во површина од 66 м2 истиот го користел, не само 1 година туку и преќутно во наредниот период, а бидејќи не му бил исплатен долгот следувала тужба за наплата на долг.

Против оваа пресуда истиот поднел жалба која со Пресуда на Апелациониот суд Скопје истата е одбиена како неоснована, а пресудата на Основниот суд е потврдена. Во понатамошна постапка следувал Предлог за извршување заведен под бр. 03-89/1 од 02.02.2004 година до Основен суд Кавадарци**.**

Од одговор на барање бр. 08-693/1 од 21.04.2004 година доставен од Општина Кавадарци до ДУТ КИКОБ, се вели дека неговото барање за намалување на надоместокот за користење на јавно прометна површина за поставување на Летен шанк на Плоштад Маршал Тито во површина од 66м2 не му се одобрува.

Истовремено барателот е известен дека со тековната урбанизација на Централното градско подрачје неговиот објект нема да биде третиран и опфатен поради тоа што се работи за сезонски- времен објект.

Истовремено, Општина Кавадарци до ПЕ на Министерството за транспорт и врски Кавадарци до урбанистичкиот инспектор се обратил со известување и барање бр.08-693/2 од 21.04.2004 година, дека поради неисполнување на договорна обврска се смета дека Договорот за користење на јавнопрометна површина е раскинат и дека на ДУТ “КИКОБ “ му престанува правото на користење на јавнопрометната површина за вршење на угостителска дејност во површина од 66 м2 и се бара од инспекторот да го отстрани времениот објект.

Во 2009 година ДУТ “КИКОБ “ поднел барање до Општина Кавадарци Локална самоуправа за реконструкција на времен објект како и уредување на просторотпред истиот со замена на постоечки плочки, градење на Фонтана и хортикултурно уредување.

Општина Кавадарци во одговор на барањето го известува жалителот дека не може да се издаде решение за адаптација и реконструкција на неговиот објект бидејќи неговиот објект е класифициран како урбана опрема дека замената на плочките , изградбата на фонтаната и зеленилото остануваат со постојната форма и големина до реализација на проектот “ Градски плоштад”.

Истиот правен субјект поднел барање за користење на јавнопрометна површина за вршење на угостителска дејност за површина од 18 м2 од 25.04.2012 година заведено под бр. 2064/1.По негово барање е направен Записник од увид на лице место и е констатирано дека површината која истиот ја бара е 68 м2 .Исто

така е изработена и прегледна скица од овластено лице геод. Инжинер вработено во општина Кавадарци од која се гледа дека локацијата која барателот ја бара за користење на јавнопрометна површина за угостителска дејност изнесува 68 м2.

Врз основа на ова КИКОБ ДООЕЛсо Решение за утврдување на висината на комунална такса за користење простор пред деловните простории за вршење дејност бр. 17-2064/3 од 12.07.2012 е задолжена да плати надоместок за површина од 68 м2 за период од два месеци.

Во член 2 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти децидно е наведено дека предмет на Законот се градби од значење за Републиката и од локално значење согласно Законот за градење.

Согласно член 2 од Законот за градење :

-"Времен објект е монтажно демонтажен или типски објект кој се поставува на градежно неизградено земјиште, заради привремена употреба на просторот, до реализација на урбанистичкиот план за градежното земјиштен а кое е поставен времениот објект. Времен објект се поставува заради вршење на: сообраќајни дејности, привремени патеки и пракинзи, туристички, културни,спортско рекреативни и забавни дејности( информативни паноа, платформ за спортси, културни, туристички и забавни настани, придружни објекти,во функција на спортски настани и летни дискотеки) и објекти кои се во функција на граничните премини";

– "Урбана опрема претставува опрема која се поставува на градежно изградено земјиште. Под урбана опрема, во смисла на овој закон, се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед,телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, опрема во функција на туристички, културни, спортски настани, јавни санитарни јазли,тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и наводна површина, покриени и непокриени шанкови, самостоечки рекламни паноа,детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци".

Од сето погоренаведено е утврдено дека објектот за кој се бара легализација секогаш бил третиран согласно Законот за градење како времен објект до реализација на урбанистички план или како урбана опрема, во зависност од периодот и од тоа дали во моментот на барањето за користење на јавнопрометната површина имало донесено урбанистички план или не.

Исто така, се констатира дека правното лице КИКОБ ДООЕЛ од Кавадарци веќе 13 години овој објект го користи како објект поставен на јавно прометна површина за која му било издавано одобрение или пак биле склучени договори за користење на јавнопрометна површина како сезонски односно времен објект или урбана опрема.

Разликата во површината која се јавува во различни временски период само го потврдува фактот дека овој правен субјект врз основа на одобрение за користење на јавнопрометна површина започнал со површина од 17 м2 , а во континуитет истиот го проширувал се до сегашната површина која согласно последната прегледна скица изнесува 68 м2. (18 м2 колку што бара за маси и столици и 47 м2 внатрешен премер колку што е наведено во геодетскиот елаборат во постапката за легализација, и се совпаѓа и со површината на која го изградил обејктот во 2002 година).

Од приложените прилози (пресудата од основен суд Кавадарци) може да се утврди дека уште во 2002 година овој правен субјект согласно Договор за користење на јавно прометна површина поставил објект во површина од 68 м2 за

што и плаќал надоместок, а и поради неплатена договорна обврска имало судска постапка за наплата на долг.

Значи, дека истиот објектот само го доградувал и го оплеменувал. Исто така и самата комисија за легализација констатира дека истиот е со застаклена фасада , дрвена конструкција и покриен со лим , значи објектот не е тврда градба и се работи за монтажен објект кој може согласно потребите да се менува и да се прилагодува.

Се констатира дека ова лице години station наназад и покрај опомените за отстранување на објектот, како и покрај известувањата дека истиот нема да биде предвиден со урбанистички план не ги почитувал законите и важечките прописи и опстојувал низа години како сезонски објект кој не е предвиден во урбанистички план.

По однос на втората насока уште еднаш е утврдено дека на имотен лист на бр. 2 за КО Кавадарци 2, градежното земјиште на КП бр. 16513/1 е сопственост на Република Македонија со катастарска култура заведена под шифра 42300-улици .

Согласно ДУП за УЕ 12 К –дел 2007-2012 донесен со Одлука на Совет на Општина Кавадарци бр. 07-2484/2 од 31.08.2007 година локацијата каде се наоѓа предметниот бесправен објект претставува дел од јавна површина односно дел од градски плоштад.

Врз основа на Извод од план бр.14-сл од 18.04.2012 година изработен е Идеен Проект за реконструкција на Градски Плоштад Кавадарци тех. бр. 147-2/10 од 07.2010 година од фирмата БИЛД ДОО Скопје.

Согласно Идејниот проект на предметната локација предвидена е изградба на фонтана, поплочување со гранитни плочи и јавно зеленило.

Проектот Градски Плоштад е во голем дел реализиран, а се планира негово дореализирање како објект од јавен интерес од локално значење и тоа како јавна површина.

Од ова произлегува дека не се исполнети и урбанистичките услови за издавање на урбанистичка согласност за предметниот бесправен објект кој се наоѓа на ул.ЈНА односно на јавна површина градски плоштад.

Бидејќи се работи за Градски плоштад – објект од јавен интерес во централно градско подрачје, место на сите збиднувања во општината, слика за целиот град и поради тоа што на овој простор е предвидена јавна површина зеленило, постоењето на ваков објект на ова локација го нарушува концептот и целината на проектот за Градски Плоштад, а објективно се нарушува и естетскиот изглед на плоштадот кој го користат сите граѓани на Општина Кавадарци.

Примерок од образложеното Решение за запирање на објавувањето ке биде доставено до Претседателот на Советот на Општината.

Согласно законските одредби, Советот е должен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Решението за запирање, да го разгледа Решението ид а одлучи по него да донесе Одлука предложена од овластен предлагач или да го потврди од Советот донесениот пропис.

Доколку Советот го потврди прописот или не расправа во законскиот рок, Градоначалникот ке го објави прописот и истовремено ке поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис пред Уставниот суд на Република Македонија.

За Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис, Градоначалникот ке го информира Министерството за локална самоуправа

**Бр.08-3258/40** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**05.07.2013 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 2 и член 51 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 118 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за запирање на објавувањето на Одлуката за утврдување на исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежнотоземјиште на КП 5076 КО Кавадарци 1**

**Член 1**

СЕ ЗАПИРА објавувањето во Службен Гласник на Општина Кавадарци на Одлуката бр.07-3002/41 од 28.06.2013 година, за утврдување на исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежното земјиште на КП 5076 КО Кавадарци 1, донесена од Советот на Општина Кавадарци.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во “Службен Гласник на Општина Кавадарци”.

О б р а з л о ж е н и е

Во вршењето на законската функција на контрола на законитоста на прописите на Советот пред нивното објавување, согласно член 50 став 1 точка 2 и член 51 став 1 од Законот за локална самоуправа, Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе Решение за запирање на Одлуката бр.07-3002/41 од 28.06.2013 година, за утврдување на исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежното земјиште на КП 5076 КО Кавадарци 1, донесена од Советот на Општина Кавадарци, поради тоа што:

Во постапката за издавање на урбанистичка согласност за бесправен објект на барател ДТП Универзал-промет ДОО од Кавадарци за објект деловен простор (фитнесс сала) изграден на КП.бр.5076 КО Кавадарци 1, намената на дејноста на објектот не е во согласност со намената на земјиштетото утврдена со важечката урбанистичко-планска документација Г2-лесна и незагадувачка индустрија, поради што надлежниот орган на општината донесе Заклучок за прекин на постапката и од страна на Градоначалникот до Советот на Општината е предложена Одлука за утврдување на неисполнети услови за донесување на урбанистичка планска документација за усогласување на намената на градежното земјиште на КП 5076 КО Кавадарци 1.

Примерок од образложеното Решение за запирање на објавувањето ке биде доставено до Претседателот на Советот на Општината.

Согласно законските одредби, Советот е должен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Решението за запирање, да го разгледа Решението и да одлучи по него да донесе Одлука предложена од овластен предлагач или да го потврди од Советот донесениот пропис.

Доколку Советот го потврди прописот или не расправа во законскиот рок, Градоначалникот ке го објави прописот и истовремено ке поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис пред Уставниот суд на Република Македонија.

За Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис, Градоначалникот ке го информира Министерството за локална самоуправа.

**Бр.08-3258/41**
**05.07.2013 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2013 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2013 година , донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 28.06.2013 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3258/42**
**05.07.2013 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Записник од Комисијата за финасии буџет бр.10-3005/1 од 28.06.2013 година, член 132 став 1 од Статутот на Општина

Кавадарци(“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 28.06.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува финансиски средства за :

**-Еднократна парична помош на следните лица :**

1.Бакалова Блага ул,,4-ти Мај„ бр.23
2.Ѓорѓиев Илија Кавадарци
3.Ерхан Муратов ул,,Божо Димов,,бр.10
4.Манева Снежана ул,,Пелистерска,, бр.4
5.Митрева Цвета ул,,Страшо Пинџур,, бр.3
6.Дафинка Темелкова ул,,Владимир Назор,, бр.1
7.Стојанов Митре с.Возарци
8.Еминов Осман ул,,Браќа Џунови,, бр.123
9.Николов Тодор ул,,Клинска,, бр.14
10.Павлова Силвана ул,,Ѓоре Брушански,, бр.47
11.Мелова Тодорка ул,,Ѓуро Салај ,,бр.3/15
12.Трајче Јовановски с.Дреново
13.Тодор Плачков ул.12-те Другари бр.13
14.Сузана Серенакова ул.Ѓуро Салај бр.15
15.Сашо Ефремов ул.Задругарска бр.15
16.Кушлаковиќ Видана ул.Гоце Делчев бр.60-55/1-10
17.Дена Димитриева с.Дреново
18.Ристо Милков ул,,Лазо Стојанов,, бр.17-б
19.Зоранчо Николов ул,,7-ми Септември,, бр.37
20.Џева Соколовиќ ул,,Клинска,, бб

**-Финасиска парична помош за лекување, на следните лица :**

1.Мајсторова Неда ул,,Горѓи Соколов ,,бр.73
2.Лилјана Манева ул,,Илчо Димов,, бр.1
3.Димитриев Лазар ул,,9-та Бригада,, бр.4
4.Венцислав Цеков ул,,Шишка,, бр.20
5.Атанаска Сиљанова с.Возарци
6.Јадранка Амедоска ул,,Клинска,, бр.2
7.Тања Камчева ул,,Ресавска,, бр.14
8.Гечев Сашко ул,,Браќа Х.Тефови,, бр.,22
9.Стојанов Горанчо ул,,Васил Х.Јорданов ,,бр.11
10.Мишов Драган ул,,Димитар Влахов,, бр.3
11.Димитриев Тоде с.Возарци
12.Поповски Стојан ул,,Плачковица ,,бр.2
13.Божинова Гордана ул,,Страшо Пинџур ,,бр.71-ц/1-12

14.Маја Керова ул,,Илинденска,, бр.60/13
15.Јован Старчески ул,,27-ми Март,, бб нас.Глишиќ
16.Драган Иванов ул,,Киро Крстев ,,бр.51
17.Ивановска Катица ул,,Киро Крстев,, бр.51
18.Петкова Марија ул,,Иво Андриќ ,,бр.6
19.Јован Старчески ул,,27-ми Март,, бб нас.Глишиќ
20.Конев Спасе ул,,Страшо Пинџур,, бр.63/2
21.Михајлов Михајло ул,,Бошавска ,,бр.6
22.Софија Јованова ул,,Страшо Пинџур ,,бр.22
23.Панова Лепосава с.Сирково
24.Атиџе Бегани ул,,Клинска,, бр.70
25.Блашко Лалков ул,,Димката А.Габерот ,,бр.19
26.Севдалина Бошкова ул,,7-ми Септември,, бр.70
27.Јовановски Диме с.Дреново
28.Ефрем Лазаров ул,,Ѓорѓи Соколов,, бр.57
29.Митревска Славица ул,,Кузман Јосифовски,, бр.20
30.Ефка Самарџиева ул,,Витачево ,,бр.9
31.Трајче Самарџиев ул,,Витачево,, бр.9
32.Олга Лазова ул,,Максим Горки,, бр.14
33.Рамиз Асков ул,,Страшо Пинџур,, бр.66
34.Миле Зафиров ул,,Страшо Пинџур ,,бр.63/3-7
35.Светлана Ѓорѓиева ул,,Киро Арсов ,,бр.22
36.Тасевски Косте ул,,Ѓорче Петров,, бр.8
37.Тодорова Сиика ул,,Боро Ваташки,, бр.9
38.Ристова Ружа ул,,Косовска,, бр.6
39.Ѓорѓи Стафилов ул,,Мирче Ацев,, бр.3
40.Димков Ванчо ул,,Гоце Делчев ,,бр.50
41.Соколов Томислав ул,,Пионерска,, бр.19
42.Ангел Андов ул,,11-та Бригада ,,бр.8
43.Тасева Снежана с.Бегниште
44.Мирјана и Стојан Трифунови ул,,Партизанска,,бр.,55
45.Лазар Лазов

## Финансиска помош за други интервенции на следните лица

1.Ристо Јанчев ул,,Калница,, бр.40 - МЗ Куманичево
2.Јовановски Борче ул,,Игман ,,бр.19-3/9
3.Љупчо Стојанов ул,,Страшо Пинџур ,,бр.37
4.Александар Видиков ул,,Цветан Димов,, бр.56/8
5.Мицајков Горан ул,,Бул.Македонија ,,бр.17/19
6.Владанка Пендева ул,,Стив Наумов,, бр.8
7.д-р Бошко Илиев ул,,Бел Камен ,,бр.28

**Член 2**

Финансиските средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2013 година .

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.07 – 3002/42**
**28.06.2013 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање на времено користење недвижна ствар на ЈП за стопанисување со спортски објекти**
**" Мито Хаџи Василев Јасмин" Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање на времено користење недвижна ствар на ЈП за стопанисување со спортски објекти " Мито Хаџи Василев Јасмин" Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 28.06.2013 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3258/43**
**05.07.2013 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 28.06.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За давање на времено користење недвижна ствар на ЈП за стопанисување со спортски објекти " Мито Хаџи Василев Јасмин" Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука недвижната ствар Градски Олимписки Базен, и тоа :
- Базен во површина од 5.923 м2
- Земјиште под згради во површина од 83 м2;
- земјиште под згради во површина од 105 м2;
- земјиште под помошни згради во површина од 4 м2;
- објект-деловна зграда во површина од 73 м2,

евидентирана во Имотен лист бр.15775, лоцирана на Катастарска парцела бр.13709 КО Кавадарци, сопственост на Општина Кавадарци се дава на времено користење од 6 месеци, без надоместок на ЈП за стопанисување со спортски објекти " Мито Хаџи Василев Јасмин" Кавадарци .

**Член 2**

Примопредавањето на недвижната ствар од член 1 од оваа Одлука ке се изврши помегу Општина Кавадарци и корисникот ЈП за стопанисување со спортски објекти " Мито Хаџи Василев Јасмин" Кавадарци, во рок од 30 дена од влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.07 – 3002/43**
**28.06.2013 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова Вилхелм**